# ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ДЕПОЗИТАРНА БАНКА

Депозитарна банка на Фондовите(во натамошниот текст: Банката) е:**НЛББанка АД Скопје**, со седиште на ул. Мајка Тереза бр. 1, 1000 Скопје.

Банката е регистрирана во Централниот регистар на Република Северна Македонија под даночен број 4030993191133, ЕМБС4664531 со седиште на територијата на Република Северна Македонија и има добиеносогласност од Народната Банка на Република Северна Македонија за вршење на активноста чувар на имот. Друштвото и Банката при извршувањето на своите обврски мораат да дејствуваат независно и исклучиво во интерес на сопствениците на удели.
Банката има добиено Решение бр.1849 од 11.03.2008 год, издадено од НБРМ-Претходна согласност за вршење на финансиска активност "давање услуги на банка чувар на имот".
Износот на почетниот капитал на Банката запишан во Централниот регистар изнесува 854.061.000,00 МКД.
НЛБ Банка како депозитарна банка на Друштвото, за потребите за чувањето на средствата надвор од територијата на Република Северна Македонија ја има избрано следната банка:
*Назив на банката:* Нова Љубљанска банка дд Љубљана
*Адреса на банката*: Трг Републике 2, SI – 1520 Љубљана, Р.Словенија
*Датум на склучување на договор:* Subcustody Agreement 10.6.2010

НЛБ банка АД Скопје дејноста на депозитарна банка ја извршува самостојно во рамките на Деловен сектор за финанански пазари и средства и нема склучено договор за пренесување на активностите на трето лице.